## 2.3. Пласмани и каматни стапки на банките

***Понатамошен раст на кредитите на банките одобрени на недржавниот сектор***

Во октомври 2003 година, кредитната активност на банките забележа понатамошно интензивирање. Така, вкупните пласмани на банките одобрени на недржавниот сектор оствариja месечен пораст од 2%. При непроменето ниво на пласманите одобрени во странска валута, ваквата динамика на вкупните пласмани на банките е детерминирана од движењето на денарските пласмани (месечен пораст од 2,4%). Притоа, повисокиот обем на денарски кредити во голема мерка е детерминиран од зајакнатата преференција на банките за кредитирање на долг рок, што претставува сигнал за зголемена финансиска поддршка на економскиот раст преку банкарско кредитирање. Во однос на истиот месец од претходната година, вкупните пласмани на банките се повисоки за 9,4%.

Графикон 19
Пласмани на банките
(во милиони денари)




***Денарските пласмани на банките на месечна основа повисоки за 2,4%...***

Во услови на стабилно економско окружување, тренд на намалување на каматните стапки, како и диверзифицирана понуда на банкарски кредити, во октомври 2003 година денарските пласмани на банките забележаа месечен пораст од 2,4%. Позитивната месечна динамика на денарските пласмани се должи на истовремениот пораст на пласманите одобрени на краток рок и на долг рок. Од аспект на краткорочните пласмани, покрај ефектот од повисокото ниво на достасаните ненаплатени побарувања, за нивниот пораст главно придонесоа умереното зголемување на кредитирањето на претпријатијата и интензивираното кредитирање на населението за потрошувачки цели. Речиси две третини од зголемувањето на денарските пласмани се должи на интензивираното долгорочно кредитирање на претпријатијата и населението. Ваквите движења резултираа со поместувања во рочната структура на денарските пласмани во насока на намалување на учеството на краткорочните пласмани од 0,7 процентни поени (на крајот на октомври тоа изнесуваше 63,9%). Од секторски аспект, намалување од 0,7 процентни поени забележа учеството на денарските кредити одобрени на секторот претпријатија (на крајот на октомври 2003 година тоа изнесуваше 76,3%), за сметка на учеството на пласманите кај населението. На годишна основа (октомври 2003 година / октомври 2002 година), денарските пласмани на банките се повисоки за 12,3%.

***...при непроменето ниво на вкупните девизни пласмани***

Од аспект на девизните пласмани, умерениот пораст на краткорочните девизни пласмани, речиси во целост беше неутрализиран со пониското ниво на девизни пласмани одобрени на долг рок, што на месечна основа резултираше со непроменето ниво на вкупните девизни пласмани на банките. Од аспект на рочната

структура, ваквите движења резултираа со месечен пораст на учеството на краткорочните девизни пласмани од 1 процентен поен. Во октомври 2003 година, 97,3% од вкупните девизни пласмани беа концентрирани во секторот претпријатија, при што не беа регистрирани позначителни месечни промени. На годишно ниво, вкупните девизни пласмани на банките беа пониски за 5,6%. Врз динамиката на девизните пласмани делумен ефект имаат и флуктуациите на девизниот курс на денарот во однос на американскиот долар.[5]

Графикон 20
Пондерирани каматни стапки и маргини на банките*




*Се однесуваат на денарски кредити и депозити.

*Продолжува прилагодувањето на каматната политика на банките*

Како реакција на поставеноста на монетарната политика и на стабилното окружување, во октомври 2003 година банките продолжија соодветно да ја прилагодуваат каматната политика. Така, и покрај речиси непроменетите трошоци на изворите на финансирање (просечната пондерирана каматна стапка на тримесечните денарски депозити изнесуваше 7,3%) просечната пондерирана активна каматна стапка на краткорочните денарски пласмани на банките забележа намалување од 0,6 процентни поени и во октомври 2003 година изнесуваше 14,7%. Со тоа, каматната маргина изнесуваше 7,4 процентни поени. Во октомври 2003 година, просечната пондерирана каматна стапка на краткорочните девизни пласмани беше непроменета и изнесуваше 7,6%. Од аспект на девизните пасивни каматни стапки, интервалот на каматните стапки на тримесечните депозити во евра беше 1,4% - 4,4%, додека каматните стапки на тримесечните доларски депозити се движеа во интервалот 0,7% - 3,8% (на годишна основа).

[5] Во октомври 2003 година, вредноста на денарот во однос на американскиот долар апресираше на месечна и годишна основа за 2,6% и 16%, соодветно (во согласност со односот евро-долар на светските берзи).